European Policy Institute. Skopje

National EU Debate

# НАЦИОНАЛНА ДЕБАТА ЗА ЕУ

## ДЕБАТНА АНКЕТА ЗА МОЖНОСТИТЕ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ПРИСТАПУВАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА КОН ЕУ

CIVICA MOBILITAS

18 – 19 НОЕМВРИ 2017, ХОТЕЛ КОНТИНЕНТАЛ, СКОПЈЕ, 2017

# Содржина


Прашања и одговори 4

Европска Унија 5
Што е ЕУ? 5
На што работи ЕУ? 6
Македонија и ЕУ 6

Прашање бр. 1: Демократски реформи 7
Актуелна состојба: Демократијата и ЕУ 7
ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ - ДЕМОКРАТИЈА 9
1.Различни пристапи: тип на реформи 9
2.Различни пристапи: реформски приоритети 11

КАКВИ ЕФЕКТИ ЌЕ ИМА РЕФОРМСКИОТ ПРИСТАП ГЕНЕРАЛНО ВРЗ ОПШТЕСТВОТО И ПОКОНКРЕТНО НА ИНТЕГРАЦИЈАТА ВО ЕУ? 12
-Ефектот врз општеството и меѓуетничките односи 13
-Ефектот на ЕУ 14

Прашање 2: Економски реформи 15
Актуелна состојба: Економијата и ЕУ 15
ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ - ЕКОНОМИЈА 17
1.Различни пристапи: целосна економска интеграција 17
2.Различни пристапи: придружно членство/асоцијација 19
3.Различни пристапи: статус кво 20

Агенда 21

ШТО Е ДЕБАТНА АНКЕТА 22

# Прашања и одговори

## Зошто ни е потребен отворен, широк дијалог со граѓаните во врска со интеграцијата на Република Македонија во Европската Унија (ЕУ)?

Како и во многу други земји, процесот на европската интеграција на Македонија беше во најголема мера предводен од елитите. Недостатокот на автентична, инклузивна дебата доведе до површни и нецелосни информации, како и до недостаток на пристапни и објективни податоци за ЕУ. Се чини дека обичните граѓани, оние чие живеење ќе биде најзасегнато од пристапувањето во ЕУ, беа изоставени.

Членството во ЕУ отвора бројни можности и предизвици кои бараат донесување на тешки одлуки од страна на националните влади на идните земји членки. Како земја кандидат за полноправно членство во ЕУ, Македонија зависи од мислењето на своите граѓани за да може да направи правилен и легитимен избор.

Националната дебата за ЕУ има за цел да ја зајакне културата на информирана јавна дебата во Република Македонија. Вклучувајќи ги граѓаните во отворена дискусија со експертите и интелектуалците за европски политики, им дава можност да ги изразат своите гледишта. Заклучоците и наодите на националната дебата ќе бидат споделени со релевантните креатори на политики и носители на одлуки, како и со поширокота јавност.

## Која е целта на овој документ?

Овој документ е резиме на двете теми кои ќе бидат дискутирани на дебатниот настан.[1] Тој:

1. понудува **информации за Европската Унија**;
2. дава информации на двете теми: **демократските и економските реформи во Македонија**;
3. нуди неколку **можни пристапи кон политиките** во врска со двете теми и ги изложува предизвиците и можностите **по однос на пристапувањето на Македонија во ЕУ**, за секој пристап поединечно.

Постојат мноштво теми кои може да се дискутираат, но поради ограниченото време, документот се фокусира на демократијата и економијата како две преовладувачки теми поврзани со европската интеграција на Македонија. Иако документот не ги изложува сите можни пристапи кон политиките и аргументите за и против политиките, сепак може да ви послужи како основа за поттикнување на овие дискусии. Добредојдени сте да дискутирате за аргументите „за“ и „против“ претставени во овој документ, а и да ги вклучите вашите сопствени аргументи за понатамошна дискусија. Иако документот се стреми да даде поттик за дискусија на членството/пристапот на Македонија во ЕУ аргументите за поинакви алтернативи се, исто така, добредојдени.

## Дали информациите дадени во овој документ се избалансирани и непристрасни?

Во подготвувањето на овој документ беше многу важно изнесените информации да бидат објективни, балансирани и непристрасни. Се консултиравме со водечки експерти со различни гледишта на темите што се обработуваат во документот, а го изготвивме документот со помош од нашите партнери. Подолу се имињата на рецензентите што го проверија документот за балансираност и точност:

- Малинка Ристевска Јорданова
- Беса Арифи
- Иван Дамјановски
- Марјан Николов
- Верица Хаџи Василева Марковска
- Ристе Јуруковски

1 Дебатната анкета (deliberative polling) како метод е регистриран од страна на Центарот за делиберативна демократија на универзитот Стенфорд: http://cdd.stanford.edu

# Европска Унија

## Што е ЕУ?

Почетниот развој на ЕУ се заснова на Договорот од Париз (1951 година) и Договорот од Рим (1957 година) што ја воспоставија Европската економска заедница (ЕЕЗ). Шест земји: Белгија, Германија, Франција, Италија, Луксембург и Холандија, формираа засебен економски и политички блок. По Договорот од Мастрихт (1992 година) на заедницата ѝ беше дадено името Европска Унија и денеска се состои од 28 земји членки. Унијата е широк економски и политички сојуз што покрива политики во над 30 области, вклучувајќи ги и човековите права, трговијата, екологијата, енергијата, надворешните односи и безбедноста, миграциите, правдата итн.

Европската Унија се заснова на владеењето на правото, што значи дека основата на нејзиното севкупно работење се доброволни и демократски склучени договори помеѓу нејзините земји членки. Земјите членки во ЕУ се претставени во два органи: Европскиот совет и Советот на Европа, додека граѓаните се директно претставени во Европскиот парламент (ЕП).




- Членки во ЕУ
- Официјален кандидат за членство во ЕУ
- Потенцијален кандидат за членство во ЕУ

## На што работи ЕУ?

ЕУ ги има само оние надлежности што ѝ се доверени со Договорите, т.е. земјите членки. Овие надлежности се поделени во 3 главни категории:

- Исклучиви надлежности според кои само ЕУ може да донесува закони и обврзувачки акти. Под ова се вклучени области како: царина, конкуренција, монетарна политика т.е. Еврото.
- Споделени надлежности каде и ЕУ и земјите членки на ЕУ можат да донесуваат закони. Клучните области на политики го вклучуваат внатрешниот пазар, земјоделството, заштита на потрошувачи, транспорт, правда и безбедност.
- Надлежности за поддржување каде ЕУ може единствено да се вмеша за да ги поддржи, координира или дополни активностите на земјите членки. Областите на политики што се под овие надлежности меѓу другите ги вклучуваат и индустријата, културата и образованието.

## Македонија и ЕУ

Пристапувањето кон ЕУ е стратешки приоритет за Република Македонија. Во 1992 година сите партии во Собранието едногласно ја усвоија декларацијата за стратешката определба на земјата за приклучување кон ЕУ и НАТО. Оттогаш наваму јавната поддршка за евроатлантските интеграции останува голема. И покрај одреденото опаѓање во минатите неколку години, ниту еден од поголемите политички субјекти во земјата, односно партиите, невладините организации, како и општата јавност, не се спротивставуваат јавно и отворено на интеграцијата во ЕУ и НАТО.

Клучните точки на македонскиот пат кон ЕУ се следните:

- На 9 април 2001 година Република Македонија го потпиша Договорот за Стабилизација и асоцијација (ДСА) со ЕУ.
- Веќе на 22 март 2004 година земјата ја поднесе својата пријава за членство во ЕУ. Истата година Владата на Македонија ја усвои Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија.
- На 15 декември 2005 година Европскиот совет и официјално ѝ додели кандидатски статус на Македонија за членство во ЕУ.
- Во октомври 2009 година, Европската комисија (ЕК) даде препорака Македонија да ги отпочне пристапните преговори со Европската Унија. Освен тоа, на граѓаните им се понуди визна либерализација за патување во земјите од Шенген-зоната.
- Во својот извештај од 2015 година, ЕК даде „замрзната“ препорака што беше условена со разрешување на политичката криза во земјата.

За да се стане земја членка на ЕУ нужно е усвојување на европското законодавство ***(Acquis)***, што е збир од правни акти и судски одлуки кои го сочинуваат корпусот на правото на ЕУ. Тоа значи дека Македонија не само што треба да го приближи и усогласи своето законодавство со *европското*, туку треба да ја прифати и правната надреденост на истото. За членство, исто така, е нужно почитување на таканаречените Критериуми од Копенхаген од 1993 година. Тие се состојат од конкретен корпус од демократски и економски реформи што потенцијалните членки ги насочуваат  на патот на пристапување кон ЕУ.

2 https://ec.europa.eu/home-affairs/what-we-do/policies/international-affairs/enlargement_en

# Прашање бр. 1: Демократски реформи

## Актуелна состојба: Демократијата и ЕУ

Демократските реформи се столбот на проширување на ЕУ. Самата ЕУ се гордее со тоа што е група на држави во кои законски загарантираните демократски норми се критериум за пристапување. Тоа значи дека пред да се приклучи, Македонија треба да подлежи на темелен процес на демократизација.

Политичките критериуми за пристап, како што е утврдено на самитот на ЕУ во Копенхаген во 1993 година, се:

> • стабилност на институциите што гарантираат демократија, владеење на правото, човекови права и почитување и заштита на малцинствата.[3]

Македонија е земја кандидат за членство во ЕУ од 2005 година. Нејзините политички институции ги гарантираат минималните стандарди на ЕУ по однос на демократијата и владеењето на правото. Веќе по осамостојувањето во 1991 година остварени се следниве достигнувања:

> • Земјата премина од поранешната еднопартиска, социјалистичка демократија со планирана економија, во либерална, плуралистичка демократија заснована на владеењето на правото и принципите на слободниот пазар.
>
> • Слободата на говорот, изразувањето и медиумите се институционализирани, а македонските граѓани можат слободно да избираат меѓу различните политички мислења.
>
> • Организираните политички партии станаа главни политички субјекти, додека изборите се основен тест на нивните спротивставени идеи. Политичката стабилност, (со некои исклучоци, како што беше краткиот вооружен конфликт во 2001 година) се одржа; - и покрај повремените неуспеси, македонските и етничките албански партии институционално соработуваат во текот на овој период.

Исто така, се соочивме и со предизвици:

> • Поделбата на власта никогаш не се спроведе целосно за да се обезбедат независност и систем на „спреги и кочници“ помеѓу законодавната, извршната и судската гранка на власта.
>
> • Политичките елити ги заробија демократските процеси, а процесот на транзиција беше обележан со корупција и партиски клиентелизам.
>
> • Меѓуетничките односи останаа кревки во текот на годините, а граѓаните, општо, беа исклучени од процесите на донесување одлуки.
>
> • Народниот суверенитет, и покрај уставните гаранции, остана повеќе формална, отколку суштинска категорија

Сè на сè, неурамнотежената борба за демократија ги обележа годините на транзиција. Со други зборови, формалната, процедурална демократија преовлада над суштинската, односно, егалитарна демократија. Врз основа на ова, набљудувачите како „Фридом хаус“ го класифицираа политичкиот систем во Македонија како „преодна влада или хибриден режим“. Со едноставни зборови, тоа е управувачки систем во кој, иако се одржуваат избори, граѓаните се отсечени од информациите за активностите на оние кои ја остваруваат вистинската моќ, поради недостаток на граѓански слободи. Во принцип, тоа може да се илустрира со демократското рангирање на земјата. На ниво од 1 (најдобро) до 7 (најлошо) оценката на земјата се влоши од 3,82 во 2007 на 4,29 во 2016 година.[4] Погледнете ја табелата подолу.

3 https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/policy/glossary/terms/accession-criteria_en
4 https://freedomhouse.org/report/nations-transit/2016/macedonia

Категорија на нации во транзиција; оценка за демократијата: Македонија[5]

| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Национално демократско владеење | 3.75 | 4.00 | 4.00 | 4.00 | 4.00 | 4.25 | 4.25 | 4.25 | 4.25 | 4.75 |
| Изборен процес | 3.25 | 3.25 | 3.50 | 3.25 | 3.25 | 3.25 | 3.25 | 3.25 | 3.50 | 3.75 |
| Граѓанско општество | 3.25 | 3.25 | 3.25 | 3.25 | 3.25 | 3.25 | 3.25 | 3.25 | 3.50 | 3.25 |
| Независни медиуми | 4.25 | 4.25 | 4.25 | 4.25 | 4.50 | 4.75 | 4.75 | 5.00 | 5.00 | 5.25 |
| Локално демократско владеење | 3.75 | 3.75 | 3.75 | 3.75 | 3.75 | 3.75 | 3.75 | 3.75 | 3.75 | 4.00 |
| Судска рамка и независност | 3.75 | 4.00 | 4.00 | 4.00 | 4.00 | 4.00 | 4.25 | 4.25 | 4.25 | 4.50 |
| Корупција | 4.75 | 4.50 | 4.25 | 4.00 | 4.00 | 4.00 | 4.00 | 4.25 | 4.25 | 4.50 |
| **Оценка за демократијата** | **3.82** | **3.86** | **3.86** | **3.79** | **3.82** | **3.89** | **3.93** | **4.00** | **4.07** | **4.29** |

Сепак, и покрај кандидатскиот статус за ЕУ од 2005 година со кој се признаа (одредени ако не и целосни) напори за демократизација, земјата не можеше да ги отвори преговорите со Европската комисија за членство во ЕУ. Тоа се должи на две главни причини:

- Долготрајниот „спор за името“ со Грција
- Влошувањето на демократијата во земјата

Накратко, за отпочнување на пристапните преговори со ЕУ нужно е да се согласат сите земји членки. Грција, како што е добро познато, ја условува Македонија со претходно разрешување на „спорот со името“ за да може да отпочнат пристапните преговори.

Освен тоа, демократските стандарди на земјата, кои ја сочинуваат основата за членство во ЕУ, се влошија. Многу релевантни фактори, како и извештаите на ЕК за напредокот на земјата кон ЕУ, укажуваа на нелиберални тенденции и постоење на „заробена држава“ во Македонија. Приватните, претежно партиски интереси значително влијаеја, односно ја приватизираа работата на државните институции како што се владата, јавната администрација, судските органи, регулаторните агенции и медиумите.[6] Како резултат на тоа се зголеми политичката поларизација во земјата. Во изминатите неколку години, граѓанските немири и континуираните протести ја исполнија демократската празнина. Меѓуетничките односи беа, исто така, ставени во прашање, а се зголемија и длабоките внатреетнички политички расцепи. Партискиот антагонизам достигна невидени нивоа и беше најава за настаните од 27 април 2017 година, кога гневна толпа изврши упад во парламентот, при што беа повредени голем број пратеници од опозицијата.

Изборот на новата влада на 1 јуни 2017 година отвори нови можност. Владата јасно ја објави намерата за враќање на земјата на патот кон ЕУ. Сега, иако е јасно дека на земјата ѝ се потребни демократски реформи, предизвикот е да се дефинира и спроведе најсоодветниот пристап. Очигледно, изборот и темпото на реформите ќе биде одраз на типот на држава и општество во кое би сакале да живееме. Исто така, ќе влијае и на нашите идни можности за ЕУ. Во овој контекст, нашите две општи прашања се:

1.Како треба да продолжат демократските реформи?

2.Какви ефекти реформскиот пристап ќе има генерално врз општество и поконкретно врз интеграцијата на земјата во ЕУ?

5 Ibid.
6 https://ec.europa.eu/neighbourhood enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2016/20161109_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf

# ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ - ДЕМОКРАТИЈА

Според познатите зборови на Абрахам Линколн, демократијата е владеење „на народот, од народот и за народот“. Со други зборови, демократијата е формален збир на правила, постапки и институции, но, исто така, и начин на живот. Тоа е состојба на општеството што се карактеризира со тенденција кон еднаквост.[7] Во изминатите 25 години граѓаните на Македонија открија дека формалните правила не мора нужно да водат кон партиципативна и егалитарна демократија. Следствено на ова, ни треба промена. Со цел да обезбедиме пристоен живот за нашите граѓани и да се приклучиме кон ЕУ, ќе треба да ги засилиме нашите напори за демократизација. Во формална, процедурална смисла, тие се состојат од:

- зајакнување на владеењето на правото и практиките на добро владеење;
- судски реформи и деполитизација на јавната администрација; и
- подобрена слобода на медиумите и заштита на човековите права.

Во суштина, треба се зајакне граѓанското учество во политиката, но, исто така, да се направи нашето општество поеднакво. Постојат повеќе можни начини да го оствариме ова.

1.Некои луѓе тврдат дека само коренити системски реформи можат повторно да го воспоставаат суверенитет на народот. Сепак, постојат несогласувања околу темпото на реформите. Некои луѓе се залагаат за брзи промени предводени од владата, додека други се залагаат за постепени промени што би ги предводело граѓанското општество.

2.Некои луѓе сметаат дека давањето реформски приоритети на одредени делови од управувачкиот апарат ќе биде поефективно - на пример, судството и јавната администрација; додека други се залагаат за итни медиумски реформи што ќе обезбедат здрава демократска јавност како предуслов за целокупната демократизација на земјата.

Во овој контекст:

- Треба ли да продолжиме со брзи, систематски реформи предводени од националната влада? Или пак постепени реформи за демократизација преводени од граѓанското општество би биле долгорочно поделотворни?
- Треба ли да дадеме главен приоритет на обезбедување на владеење на правото и добри практики на владеење? Или пак конзистентни и насочени судски/административни и/или реформи во медиумите, се всушност, патот напред?

## 1. Различни пристапи: тип на реформи

Разгледуваме два можни типа на реформи:

1.Систематски реформи предводени од националната влада - вертикално поттикнати, структурни промени од горе надолу што се потребни за да се трансформира системот во целина. Тие би се занимавале со структурните недостатоци на земјата, главно „заробената држава“, за да се врати демократското владеење. За овие реформи предводени од владата нужни се јасни политички насоки и најчесто се извршуваат од страна на управните органи. Истакнати актери ги вклучуваат: владата, парламентот, политичките партии.

7 Kaldor & Vejvoda. 2002. Democratisation in Central and Eastern Europe. Continuum, London.

2.Постепени реформи предводени од граѓанското општество – хоризонтални, бавни и одмерени промени во спрега со експертизата на граѓанското општество. Тие се стремат кон континуирани, но темелни реформи што го демократизираат системот од долу нагоре. За нив е нужен и тие се засновани на политички консензус. Истакнати актери: граѓанското општество (невладини организации, неформални движења, поединечни граѓани) и владата.

| | Можности | Предизвици |
|---|---|---|
| Пристап бр. 1:<br><br>Систематски реформи од националната влада | 1. Тоа е единствениот начин за справување со системската и разгранета политичка корупција, која во последниве 25 години ја задушува македонската демократија.<br><br>2. Обезбедува јасно политичко водство во процесот од страна на највисоките владини редови кои гарантираат контрола и ефикасност.<br><br>3. Подразбира брзина и фокус за конкретно и истовремено справување со системските недостатоци.<br><br>4. Насоченост кон фундаменталните недостатоци на македонската демократија како што е поделбата на власта, обезбедувајќи независност на парламентот, владата и судството.<br><br>5. Ќе обезбеди однапред зададени строги правила за одговорноста на политичарите правејќи го целиот процес потранспарентен<br><br>6. Брзо и темелно реформирани институции ќе обезбедат владеење на правото и практики на добро управување, што ќе резултира со стабилност и ефикасност на системот како целина. | 1. Брзината е жртва на сметка на темелноста - невозможно е истовремено да се работи на секој недостаток - многу важни прашања може да бидат изоставени.<br><br>2. Реформите предводени од Владата ќе стават премногу моќ во рацете на владејачкиот апарат, поттикнувајќи ги автократските тенденции.<br><br>2. Брзите реформи ќе стават преголем притисок врз системот како целина, откривајќи ги неговите структурни недостатоци во делот на политички, социјален и човечки капитал.<br><br>3. Строгата поделба на власта бара посилен апарат за надзор над процесот и става премногу моќ во рацете на органите за спроведување на законот, пример: полицијата.<br><br>4. Строгите правила можат да доведат до прекумерна регулација и парични казни што ги ограничуваат автономијата и иницијативноста.<br><br>5. Обезбедување на владеењето на правото е долготраен и континуиран процес – брзи реформи би го загрозиле веќе слабиот институционален баланс. |
| | **Можности** | **Предизвици** |
| Пристап бр. 2 :<br><br>Постепени реформи предводени од граѓанското општество | 1.Овозможува одмерени промени и експертиза на граѓанското општество што конечно би довеле до темелни промени во политичкиот и економскиот систем на едно општество.<br><br>2.Овозможува инклузивно учество на сите во демократските процеси и ги избегнува проблемите на централизирано вла-деење истовремено обезбедувајќи ста-билен демократски систем.<br><br>3.Ја жртвува брзината за сметка на теме-лноста. Се стреми кон обмислен корпус на правила и постапки за добро владеење врзани за дадениот контекст.<br><br>4.За постепените реформи неопходно е време, но доведуваат до подлабока и потемелна промена во општеството. | 1.Темелноста паѓа на товар на брзината – ефектот на постепените реформи ќе може да се почувствува само на долг рок.<br><br>2.Постои зголемен ризик од популизам и може да доведе до „тиранија на мнозинството“.<br><br>3.За да се постигне темелност нужен е организиран пристап кој може да доведе до прекумерна регулација и бирократизација.<br><br>4.Поради своето времетраење, постепените реформи може да ја зголемат корупцијата и зависат од постојана политичка волја за реформи. |

# 2. Различни пристапи: реформски приоритети

Приоритизирани реформи би се занимавале со системските недостатоци или суштински делови од системот подредени според нивната релативна важност. Со оглед на веќе споменатите сугестии, ги имаме следните предлози:

- Владеење на правото и практики на добро владеење: Воспоставување на непроизволно остварување на политичката моќ во спрега со давање приоритет и строго почитување на владеењето на правото. Обезбедување одговорност и транспарентност на избраните функционери и јавни институции.
- Реформа на судството (вклучувајќи ја и реформата на јавната администрација): обезбедување непристрасност на правдата, како и независност на судството и јавната администрација.
- Медиумска реформа: обезбедување независно и објективно новинарство.

| | Можности | Предизвици |
|---|---|---|
| Пристап бр. 1:<br><br>Владеење на правото и добро владеење | 1. Обезбедувањето на владеењето на правото е прв и најважен чекор за враќањето на демократијата во Македонија.<br><br>2. Владеењето на правото ќе има за цел строга поделба на власта и ќе обезбеди автономија и преовладување на парламентот (законодавна власт) над владата (извршна власт).<br><br>3. Практиките на добро управување ќе обезбедат зголемено учество, транспарентност и отчетност, поттикнувајќи темелна демократизација. | 1. Обезбедувањето на владеењето на правото е долг и континуиран процес, секоја избрзана реформа може да заврши со целосно спротивен ефект.<br><br>2. Реформите во владеењето на правото претставуваат огромно оптоварување на системот како целина, откривајќи ги неговите структурни недостатоци во политичкиот, општествениот и човечкиот капитал.<br><br>3. Поставувањето на агенда за постигнување на добро управување е сложена задача која подразбира кредибилитет на владата, почитување на институциите и моќ на отчетност пред граѓаните. |
| | **Можности** | **Предизвици** |
| Пристап бр. 2 :<br><br>Судска реформа | 1. Обезбедувањето првенство на правдата и судската независност е витално и важно за идејата за поделба на власта.<br><br>2. Реформираното и независното судство ќе ја намали практиката на селективна правда и политичка корупција.<br><br>3. Еднаквиот пристап до ефективна и непристрасна правда е од суштинско значење за помирувањето на општеството. Тоа води до ред и безбедност и го зајакнува демократскиот политички консензус. | 1. Судските реформи можат да бидат ефективни само како дел од пошироката реформа на политичкиот систем во земјата или правната реформа.<br><br>2. Судската независност може да се постигне само ако се држи на страна од другите гранки на власта. За тоа е однапред потребна силна и експлицитна политичка волја.<br><br>3. Непристрасноста на правдата е доста тешка задача за традиционалните, патерналистички и клиентелистички општества како Македонија. |
| | **Можности** | **Предизвици** |
| Пристап бр. 3:<br><br>Медиумска реформа | 1.Обезбедување на слобода на медиумите и независно и објективно новинарство.<br><br>2. Пресекување на корупитивната врска помеѓу сопствениците на медиумите, политичарите и новинарите.<br><br>3. Создавање на здрава јавна сфера како предуслов за автентична демократија. | 1.Медиумските реформи ќе се соочат со предизвиците на слободниот (и лошо регулиран) медиумски пазар.<br><br>2.Клиентелистичките врски помеѓу медиумските могули и политичарите ќе го возвратат ударот.<br><br>3.Недостатокот на медиумска култура и етика ќе се покаже како дополнителна културна пречка. |

## КАКВИ ЕФЕКТИ ЌЕ ИМА РЕФОРМСКИОТ ПРИСТАП ГЕНЕРАЛНО ВРЗ ОПШТЕСТВОТО И ПОКОНКРЕТНО НА ИНТЕГРАЦИЈАТА ВО ЕУ?

Демократските реформи го условуваат краткорочниот и долгорочниот изглед на македонското општество. Подлабоките демократски реформи ја зајакнуваат легитимноста на системот и ќе ја зголемат политичката и социјалната кохезија. Ќе бидат засегнати и меѓуетничките односи како еден од нејзините главни столбови. Зголемената стабилност, толеранција и взаемно разбирање се исто така врзани со темпото на реформите.

Типот на демократските реформи сигурно ќе ја изедначи, или разводни, динамиката на пристапување кон ЕУ. Темелните реформи, секако, ќе бидат силен поттик во прилог на ЕУ-агендата. Автентичната демократизација ќе го зајакне владеењето на правото, институциите и доброто владеење и значително ќе го подобри рангирањето на слободата на медиумите и заштитата на човековите права. Со оглед на нивното вклучување во критериумите за проширување во Копенхаген, тие, најверојатно, ќе доведат до целосна интеграција во ЕУ и членство. Постепените реформи ќе ја задржат нашата траекторија за пристапување кон ЕУ отворена, но условена со континуирано реформирање.

## Ефектот врз општеството и меѓуетничките односи

| | Можности | Предизвици |
|---|---|---|
| Пристап бр. 1:<br><br>Систематски реформи предводени од националната влада | 1. Политичкото водство на процесот може да ги насочи и изедначи реформите за демократизација кои ќе обезбедат ефикасност и ефективност.<br><br>2. Ова и фокусот на владеењето на правото и практиките на добро управување можат да резултираат со стабилност и ефикасност на системот како целина.<br><br>3. Тоа во практика се одразува како ублажување на општествените и политичките антагонизми создавајќи простор за поширок политички консензус.<br><br>4. Зголемената улога на етнополитичките елити во процесот може ефективно да се справува со меѓуетничките односи во земјата.<br><br>5. Исто така, може да ги зголеми практиките на консензуално донесување одлуки и да го зголеми политичкиот дијалог меѓу елитите<br><br>6. Овој дијалог може да го разоружи етноцентризмот како извор за поделба и расцеп во земјата. | 1. Ефективноста паѓа на товар на структурните недостатоци на системот и недостатокот на политички, општествен и човечки капитал.<br><br>2. Воспоставувањето на владеење на правото е долготраен и континуиран процес.<br><br>3. Зголемената улога на етнополитичките елити во процесот може да доведе до политичко пазарење.<br><br>4. Може да дојде до ослабување на колективните идентитети што би испровоцирало возвратен удар од националистичките групи затоа што ја раскринкува нивната колективистичка идеологија како единствен, или барем главен, извор на политичка легитимност.<br><br>5. Консензуалната демократија може да доведе до бинационална држава. |
| | **Можности** | **Предизвици** |
| Пристап бр. 2:<br><br>Постепени реформи предводени од граѓанското општество | 1. Постепените реформи предводени од граѓанското општество се инклузивни и ќе го демократизираат општеството од долу нагоре.<br><br>2. Тие го зајакнуваат хоризонталниот и континуиран дијалог меѓу сите, што доведува до стабилност на системот.<br><br>3. Континуираниот дијалог може да ги намали социјалните и политичките антагонизми создавајќи простор за поширок политички консензус.<br><br>4. Зајакнатиот демократски консензус постепено ќе ги трансформира етничките поделби во земјата.<br><br>5. Исто така, може да ги зголеми граѓанските идентитети на сметка на етноцентризмот. | 1. Постепената демократизација паѓа на товар на итноста на демократските реформи во земјата.<br><br>2. Хоризонталниот дијалог е спротивен на ефективноста и решителноста што е потребна во реформските процеси.<br><br>3. Општествените и политичките антагонизми можат да се намалат само како резултат на пазарење меѓу политичките елити.<br><br>4. Постепените реформи може негативно да влијаат на меѓуетничките односи. Ако има само маргинални подобрувања, тогаш етничките поделби, практиките на поделба и сегрегација најверојатно ќе продолжат и ќе се засилат. |

# Ефектот на ЕУ

| | Можности | Предизвици |
|---|---|---|
| Пристап бр. 1:<br><br>Систематски реформи предводени од националната влада | 1. Брзите и систематски реформи предводени од владата ќе ја вратат земјата на патот кон ЕУ.<br><br>2. Насочените реформи предводени од владата може да се фокусираат на специфичните барања на ЕУ и ефикасно да го подобрат демократското и економско рангирање на земјата.<br><br>3. Овој вид реформи, исто така, ќе се справат со проблемот со името и ќе го подготват општеството за потребниот компромис со Грција.<br><br>4. Брзото членство во ЕУ ќе обезбеди политичка стабилност и долгорочен економски просперитет на земјата и ќе го разоружи етноцентризмот. | 1. Брзото темпо на интеграција во ЕУ ќе има негативни ефекти врз земјата – таа ќе биде недоволно подготвена да се соочи со демократските и економските барања за целосно членство во ЕУ.<br><br>2. Централизираните реформи можат да ја зголемат елитистичката природа на процесот на интеграција во ЕУ и да ги отуѓат обичните граѓани од процесот.<br><br>3. Брзото членство во ЕУ може да значи тешки и неприфатливи отстапки по однос на прашањето за името.<br><br>4. ЕУ ќе остане цел за себе, а не вистинска демократска максима. |
| | **Можности** | **Предизвици** |
| Пристап бр. 2<br><br>Постепени реформи предводени од граѓанското општество | 1. Постепените реформи темелно ќе ја подготват земјата за пристап во ЕУ.<br><br>2. Тие ќе го зајакнат хоризонталниот и континуираниот дијалог за можностите и предизвиците на земјата во текот на интеграцијата во ЕУ.<br><br>3. Ќе се обезбеди повеќе време за рационално преиспитување на конкретните демократски и економски реформи на ЕУ.<br><br>4. Прашањето за името ќе биде темелно и демократски разгледано, подготвувајќи ја земјата за компромис и конечно членство во ЕУ.<br><br>5. Идеите за алтернативи на членството во ЕУ би се промислиле и напуштиле како нереални и нерационални. | 1. Постепените реформи ќе ја продолжат условеноста на процесот на пристапување на ЕУ и може да ги зголемат шансите за политичка корупција во земјата.<br><br>2. Хоризонталниот дијалог, исто така, ќе им даде гласност и на противниците на ЕУ.<br><br>3. Рационалниот консензус бара време и ќе ги пролонгира неопходните демократските и економските реформи.<br><br>4. Темелното разгледување на прашањето за компромис за името, поради неговата културна и идентитетска чувствителност, може да влијае и на напуштање на идејата за неопходно членство на земјата во ЕУ.<br><br>5. Врз основа на горенаведеното, и идеите за алтернативи на членството во ЕУ би добиле гласност. |

# Прашање 2: Економски реформи

## Актуелна состојба: Економијата и ЕУ

Економската интеграција е една од главните движечки сили зад кандидатурата на Македонија за пристап во ЕУ. ЕУ е, пред сè, клуб на развиени земји каде што нивото на економската благосостојба на нејзините граѓани е меѓу највисоките во светот. За да се достигне тоа ниво, македонската економија треба да биде целосно реконструирана.

Економските критериуми неопходни за да се пристапи во ЕУ, договорени во јуни 1993 година на Европскиот Совет во Копенхаген се:

- функционална пазарна економија и
- капацитет за справување со конкурентските притисоци и пазарните сили во рамките на Унијата.[8]

Очигледно, како земја кандидат Македонија ги исполнува минимум економските стандарди за пристапување кон ЕУ. Од независноста во 1991 година наваму:

- Пазарните односи и економските слободи ја заменија поранешната државно управувана економија.
- Масовната приватизација на поранешниот државен и јавен сектор ги либерализира економските односи во земјата.
- Болните, но неопходни структурни реформи и програмата за макроекономска стабилизација создадоа дополнителна економска прераспределба.

Предизвиците, од друга страна, беа многубројни:

- Филозофијата на слободниот пазар и масовната приватизација во деведесеттите години на улица оставија армија на невработени граѓани.
- Ембаргото на ОН врз соседна Србија, грчкото ембарго, како и конфликтот од 2001 година, извршија огромен притисок врз сè уште недоволно развиената економија. Неодамнешната политичка криза дополнително ги затегна економските перспективи.
- И покрај макроекономската стабилност, вкупниот раст на БДП и БДП по глава на жител останаа ниски или незадоволителни.

Севкупно, економскиот развој на земјата во текот на годините на транзицијата беше променлив и нејасен. И покрај високото рангирање на економските слободи во последните години („главно слободни" - 31 на глобално ниво) кое, како илустрација, ја става земјата на многу подобро место од многу земји на ЕУ,[9] севкупните економски перформанси на земјата сè уште се кревки. Таков е и економскиот квалитет на животот на нејзините граѓани.

Годишен раст на БДП 1990 - 2016 година

| | 1990 | 2000 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонија** | .. | 4.5 | 6.5 | 5.5 | -0.4 | 3.4 | 2.3 | -0.5 | 2.9 | 3.6 | 3.8 | 2.4 |

Изготвено од: Светски развојни индикатори (World Development Indicators)
Серија: раст на БДП (годишен %)[10]

8 https://ec.europa.eu/info/business-economy-euro/economic-and-fiscal-policy-coordination/international-economic-relations/enlargement-and-neighbouring-countries/enlargement/economic-accession-criteria_en#economiccriteriaforjoiningtheeu
9 http://www.heritage.org/index/ranking
10 https://data.worldbank.org/country/macedonia-fyr

Раст на БДП по глава на жител 1990 – 2016 година

| | 1990 | 2000 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонија** | 3,853.9 | 3,448.8 | 4,192.9 | 4,418.3 | 4,398.8 | 4,542.9 | 4,645.5 | 4,620.6 | 4,751.9 | 4,920.2 | 5,104.8 | 5,222.8 |

Изготвено од: Светски развојни индикатори (World Development Indicators)
Серија : БДП по глава на жител (константа 2010 УСД) [11]

Денес, мислењето што преовладува кај повеќето македонски граѓани е дека пристапувањето кон Унијата ќе го подобри квалитетот на живот, по однос и на економските, но и општествените и политичките постигнувања. Очигледно, граѓаните на ЕУ уживаат значително подобри општествени и економски услови во споредба со Македонија. Главните економски показатели се во корист на оваа теза.

| Област | Македонија | ЕУ |
|---|---|---|
| Бруто-домашен производ според паритетот на куповна моќ | •36% од просечниот БДП ППП на ЕУ 28 во 2015 година<br>•35% во 2013 | •28.900 ЕУР по пазарни цени |
| Фактичка индивидуална потрошувачка според паритетот на куповната моќ | •41% од просекот на ЕУ 28 во 2015 година<br>•39% во 2013 година | •26.700 ЕУР по пазарни цени |
| Стапка на невработеност | •26,1% во 2015 година | •9,4% во EU 28 |
| Население со ризик да премине под прагот на сиромаштија | •21,5% од македонското население во 2015 година | •17,2% од населението на EU 28 |
| Нееднаквости во распределбата на приходите | •Највисоките 20% од населението (со највисок еквивалентен расположлив приход) во Македонија во 2015 година добиле 6,6 пати поголем приход од најниските 20% (со најнизок еквивалентен расположлив приход) | •Овој соодност во ЕУ 28 за истата година бил 5.2 пати. |

Ако Македонија пристапи во ЕУ, ќе се приклучи кон еден од најсилните економски и трговски блокови во светот, кој се состои од 500 милиони луѓе што претставуваат 7,3% од светското население и до 23% од номиналниот глобален БДП. Сепак, влезот во економскиот простор на ЕУ не е без никакви ризици. Единствениот европски пазар може да се покаже како голем предизвик за некои земји. Помалите и недоволно развиени економии можат да се соочат со особени тешкотии во прилагодувањето. Случајот со Македонија може да биде посебен. Како мала, недоволно развиена економија со високи нивоа на корупција и слабо владеење на правото, таа може да се соочи со огромни предизвици при приклучувањето на единствениот пазар на ЕУ.

Повторно уште еден збир на тешки одлуки лежи пред нас. Следното прашање од исклучителна важност:

> 1.Како би требало да продолжиме со економската интеграција во ЕУ?

11 Ibid.

# ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ - ЕКОНОМИЈА

Според зборовите на Адам Смит, основачот на современата наука за економијата, „ниту едно општество не може да биде просперитетно и среќно, ако големо мнозинство од неговите припадници се сиромашни и бедни". Следствено на ова, генерално, целта на економијата е да обезбеди производство, распределба и потрошувачка на стоки и услуги кои ќе ги задоволат потребите на општеството и неговите граѓани. Од независноста во 1991 година Македонија се бореше да обезбеди и одржува пристојни услови за живот на своите граѓани. А како што илустрираат графиконите погоре, ние сѐ уште сме далеку од просекот на ЕУ.

Досегашните економски реформи во земјата беа скроени за да ги исполнат критериумите на ЕУ од Копенхаген за либерализација на пазарот и конкурентност во рамките на Унијата. Кандидатскиот статус за ЕУ потврдува дека се исполнети основните барања од ЕУ. Сега, кога продолжуваме понатаму, прашањето во фокусот на нашиот интерес е каква улога нашиот статус во ЕУ ќе има за нашиот севкупен економски развој.

> 1.Според некои, само побрза и целосна економска интеграција во Унијата би имала длабоки и мерливи ефекти врз македонската економија. Накусо, земјата би ги искористила придобивките од структурните фондови на ЕУ и би отпочнала со забрзан економски развој скроен по мерка на ЕУ.
>
> 2.Други сметаат дека брзата економска интеграција во ЕУ може да има обратни социоекономски ефекти. Според нив, сегашниот кандидатски статус (придружна членка на ЕУ) обезбедува доволно поддршка и финансирање од ЕУ, истовремено подготвувајќи ја земјата за строгите услови на пазарната конкуренција на единствениот пазар на ЕУ.
>
> 3.На крај, со оглед на сложената ситуација по однос на прашањето за името, некои предлагаат да се имаат предвид и економските алтернативи надвор од ЕУ.

Во овој контекст:

> • Треба ли да се стремиме кон забрзана економска интеграција во ЕУ, која, претпоставуваме, значително ќе ги подобри севкупните економски перспективи на земјата?
>
> • Треба ли да продолжиме со темелни, но одмерени економски реформи, кои, со оглед на нашиот статус на придружна членка на ЕУ, постепено ќе ги прилагодат нашата економија и нашето општество кон целосна економска интеграција во ЕУ?
>
> • Треба ли да се откажеме од плановите за членство во ЕУ и да бараме некои други пазари и перспективи?

## 1. Различни пристапи: целосна економска интеграција

Целосната економска интеграција е последната фаза на економска интеграција во ЕУ. Таа води до целосно вградување во Европскиот единствен пазар - една територија без никакви внатрешни граници или други регулаторни пречки за слободно движење на стоки и услуги. За да се приклучи и да се изедначи со останатите земји од ЕУ, Македонија ќе треба да го затвори јазот во споредба со останатите земји на ЕУ по однос на клучните економски, социјални и други показатели за развој. Покрај тоа, целосната економска интеграција подразбира делегирање на значаен дел од економскиот суверенитет на земјата на колективните институции на ЕУ. Како резултат на тоа, ќе мора да се откажеме од голем дел од автономијата на земјата во економските прашања што ќе стане предмет на заеднички и обврзувачки одлуки.

Општоземено, осврнувајќи се на искуството на земјите од Источна Европа кои се приклучија на ЕУ во последната деценија, нето-ефектите од полноправното членство може да бидат позитивни, но и негативни. За првото се земаат предвид следните показатели:

• растот на бруто-домашен производ, зголемувањето на директни странски инвестиции и намалувањето на надворешниот долг на јавниот сектор.

Показатели за вторите, т.е. негативните ефекти се главно:

• повисоката инфлација, зголемувањето на дефицитот на тековната сметка и надворешниот долг на приватниот сектор.

Ако се земе предвид ова, заедно со компаративната близина на македонската економија со нејзините поранешни социјалистички соседи, целосната економска интеграција би понудила и можности и предизвици на земјата.

| | Можности | Предизвици |
|---|---|---|
| Пристап бр. 1:<br><br>Целосна економска интеграција | 1. На земјата ќе ѝ биде доделена голема финансиска, техничка, научна, институционална помош од структурните, кохезивните, аграрните и другите фондови кои ќе помогнат во зајакнувањето на структурната мод-ернизација на економијата.<br><br>2. Економијата ќе работи под притисок на конкурентниот внатрешен пазар на ЕУ. Барем во теорија, изложеноста на поголема конкуренција би требало да ја унапреди продуктивноста и да ја зголеми конкурентноста.<br><br>3.Слободната трговија и отстрану-вањето на нетарифните бариери би требало да помогне да се зголеми трговијата со ЕУ за македонските компании.<br><br>4.Слободното движење на трудот и учениците ќе им овозможи на македонските граѓани да живеат, учат и работат во ЕУ, но и обратно. Исто така, ќе ги уживаат придобивките од шемата за социјална заштита на ЕУ.<br><br>5.Придобивките од рамката на Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) ќе го обезбедат постоењето на одржлива и достапна понуда на храна која ги исполнува стандардите на ЕУ - членството во ЕУ исто така обезбедува целосен пристап до единствениот пазар за трговија со земјоделски производи.<br><br>6.Законот на ЕУ има за цел да ја заштити животната средина, да се справи со климатските промени и да ја промовира енергетската безбедност и енергетските мрежи и пазари - следствено Македонските граѓани ќе имаат корист од подобрите енергетски мрежи и пазари. | 1. Структурното прилагодување може да ја подобри севкупната состојба на економијата, но сепак останува да се види колку успешно и мудро ќе го искористиме тоа.<br><br>2. Големата конкуренција на пазарите на ЕУ значи дека некои од домашните компании најверојатно нема да преживеат. На пример, Словенија, чија економија беше забележително поразвиена од Мак-едонската, мораше да ги приватизира и продаде повеќето од своите најголеми компании (Искра, Елан, Горење итн.).<br><br>3. ЕУ работи како царинска унија со заедничка надворешна тарифа за стоки што влегуваат во Единствениот пазар на ЕУ, што обезбедува силна преговарачка позиција за земјите членки, но едновремено значи и дека поединечните земји членки повеќе немаат право индивидуално да договараат различни тарифи со земјите кои не се членки на ЕУ.<br><br>4. Правилата на ЕУ обезбедуваат јавни набавки на стоки, услуги кои се отворени за сите компании на ЕУ врз основа на недискриминација – што е важно за да се избегнат неправилности; обезбедат фер концесии што е добро за конкуренцијата, но може да им наштети на домашните компании.<br><br>5. Губењето на независноста во монетарната политика, а донекаде и во фискалната политика и политиката на девизниот курс, дополнително може да ги загрози перспективите на економијата. Така повремените проблеми во растот и кризите во економијата на ЕУ би можеле лесно да се пренесат врз македонската економија. Воедно, притисоците за придржување до мерките на штедење може да доведат до економска стагнација. Случајот на соседна Грција е прилично индикативен пример.<br><br>6. Конечно, земјоделските стандарди и правила на ЕУ може да доведат до принудно затворање на некои од производителите. |

## 2. Различни пристапи: придружно членство/асоцијација

Статусот на придружувањето вообичаено се дефинира со договор за асоцијација, како што е и Договорот за стабилизација и асоцијација (ДСА) помеѓу ЕУ и Македонија. Договорот има за цел да ја поттикне соработката и добрососедските односи со другите земји од регионот, вклучувајќи и соодветно ниво на меѓусебни отстапки во врска со движењето на лицата, стоките, капиталот и услугите. Регионалната соработка го опфаќа и создавањето на слободна трговска зона помеѓу земјите поврзани со ЕУ од страна на ДСА. Постојат одредби во врска со четирите слободи: движење на стоки, движење на работници, обезбедување услуги; и движење на капитал. Овој Договор еднострано во одреден временски период им дава поповолни трговски услови на земјите учеснички во процесот на стабилизација и асоцијација. Статусот на придружна членка помага во промовирањето на хармонични економски односи и постепено развивање на зона на слободна трговија помеѓу ЕУ и Република Македонија. Статусот на придружна членка се смета за фаза во процесот на пристапување кон ЕУ. На тој начин националната економија постепено се изложува на економијата на ЕУ, овозможувајќи полесно преоѓање кон многу поголем пазар, преку асиметрични мерки за заштита.

Оваа фаза соодветствува со тековниот развој на Македонија во кој се спроведуваат некои реформи од обемната агенда за пристапување кон ЕУ. Ова значи дека земјата останува повеќе или помалку независна од ЕУ, но усвојува одредено законодавство, како и реформи во деловното опкружување или институционално подобрување со цел да ја унапреди деловната и општествена околина. Ова е сценарио за делумни, или ограничени реформи, чија цел е да се подобри деловната или социјалната клима, без тоа нужно да води кон влез во ЕУ. Можностите и предизвиците на оваа состојба може да се именуваат како во табелата подолу.

| | Можности | Предизвици |
|---|---|---|
| Пристап бр. 2:<br><br>Статус на придружна членка | 1. Трговијата на македонските компании со ЕУ се изведува полесно, иако трговските и нетрговските бариери не се целосно укинати. Сите предности поврзани со послободна трговија со ЕУ треба да ги зголемат работните места и да обезбедат повисок приход, повисок БДП и намалување на сиромаштијата, иако во значително помала мера отколку во случајот на слободна трговија.<br><br>2. Олеснувањето на административните бариери, бирократијата и намалувањето на времето за испорака би требало, исто така, да придонесат кон ова. До одредено ниво треба да се постигне разновидност и квалитет на понудата, како и намалени цени за македонските потрошувачи, иако во многу помала мера отколку во случај на целосна интеграција.<br><br>3. Изложеност на поголема конкуренција, продуктивност и подобрена конкурентност. Освен тоа, на почеток отвореноста може да биде асиметрична, со поголема отвореност за македонските производи кон пазарот на ЕУ, додека сè уште постои одредена заштита на овие производи.<br><br>4. Поголеми прилив на инвестиции од ЕУ и од надвор од ЕУ. Земјата станува особено привлечна за инвестирање (особено од надвор од ЕУ) во очекување на периодот на целосен пристап.<br><br>5. Некои други предности на четирите слободи на слободно движење на стоки, услуги, труд и капитал треба да почнат да стануваат видливи, како на пример: | 1. Четирите слободи на единствениот пазар на ЕУ (слободно движење на стоки, капитал, услуги и работна сила) не се целосно функционални и не можат да го остварат целосниот потенцијал.<br><br>2. Сè уште постојат административните бариери и бирократијата во движењето на стоки, услуги, капитал и труд.<br><br>3. Политиките на ЕУ понекогаш се неефикасни и може да ја попречуваат флексибилноста, особено во деловната сфера.<br><br>4. Движењето на трудот е сè уште тешко, бидејќи македонските работници сè уште треба да исполнат многу барања за да добијат пристап до европскиот пазар, а истовремено тие сè уште не ги уживаат истите права како европските работници.<br><br>5. Освен тоа, нема бесплатно патување и пристап до здравствени услуги во рамките на ЕУ, иако може да постојат извесни правила за нивно олеснување.<br><br>6. Во принцип, постои ограничен пристап до фондовите на ЕУ. Меѓусебното признавање на стандардите и правилата за животна средина, сигурност, здравје и безбедност исто така е ограничено.<br><br>7. Последно по редослед, но не и по важност, придобивките од заедничката земјоделска политика на ЕУ заедно со субвенциите не се целосно достапни. |

| | Можности | Предизвици |
|---|---|---|
| Пристап бр. 2:<br><br>Статус на придружна членка | • Треба да има повеќе можности за различни бизниси, за трговија и туризам.<br><br>• Некои можности за студии во странство за млади луѓе.<br><br>• Придобивки од подоброто почитување и признавањето на стандардите и правилата за животната средина, сигурноста, здравјето и безбедноста, но, исто така, и социјалните стандарди. | |

## 3. Различни пристапи: статус кво

Последното сценарио е статус кво или состојба во која не се менува ништо. Во најлош случај, тоа би значело губење на кандидатскиот статус во ЕУ или, подеднакво, одлука да се напушти севкупниот процес на интеграција во ЕУ. Ова значи дека економијата и деловната околина ќе останат во неизвесност; тоа би била состојба на продолжена несигурност и стагнација. Недостатокот на транспарентност, отвореност и случаи на фаворизирање, корупцијата и недостатокот на фер конкуренција ќе останат актуелни прашања. Формално ќе постои правна и институционална рамка, но нивното спроведување и јавниот надзор ќе останат сиромашни. Од друга страна, земјата ќе го зачува својот економски суверенитет и може да бара економски опции и пазари на други места.

Тешко е да се проценат предностите на статус квото.

| | Можности | Предизвици |
|---|---|---|
| Пристап бр. 3:<br>Статус кво | 1. Без трошоци за прилагодување за интеграција во ЕУ.<br><br>2. Продолжена, но сепак условена визна либерализација.<br><br>3.Независна национална економска политика. Македонските производители нема да конкурираат во рамките на Единствениот европски пазар, додека стандардите на ЕУ нема бидат вмешани во националните прописи за производство и пазар.<br><br>4. Зачувување на економскиот суверенитет. | 1. Недоволно спроведување на четирите слободи, значајни пречки при движењето на стоки, услуги, капитал и труд.<br><br>2. Голем дел од фондовите на ЕУ нема да бидат достапни за македонските граѓани, компании и организации. Приливот на инвестиции од ЕУ и од надвор од ЕУ ќе останат ниски.<br><br>3. Недоволен пристап до образование, здравствени и социјални услуги во рамките на ЕУ.<br><br>4. Нема да се материјализираат можностите за трговија, туризам, повисоки приходи, повисок БДП и намалување на сиромаштијата.<br><br>5. Непостоење на политика за конкуренција на ЕУ, непостоење на субвенции од земјоделската политика на ЕУ и сличните политики. |

# Дневен ред за настанот “Дебатна анкета”

Скопје 18 - 19 ноември 2017
Место: хотел Континентал, Свечена сала Скопје

European Policy Institute. Skopje

National EU Debate

## ДЕН 1: 18 НОЕМВРИ 2017

Пристигање на учесниците во хотел Континентал најдоцна до 11 часот.

| ВРЕМЕ | Сесија |
|---|---|
| 11.00 - 12.30 | Сместување по соби и задолжителна регистрација |
| 13:00 - 13.15 | Официјално отворање на настанот:<br>Симонида Кацарска, ЕПИ и Александар Кржаловски, Цивика Мобилитас |
| 13:15 - 13:30 | Премин во работа во групи, Следете го волонтерот/модераторот на вашата група |
| 13:30 - 15:00 | Работа во групи за демократски реформи, Соби 701-709 на 7 спрат и Свечена сала |
| 15:00 – 15:30 | Кафе пауза |
| 15:30 – 17:00 | Пленарна сесија 1<br>Говорници:<br>г-дин Талат Џафери, г-ѓа Беса Арифи, г-дин Никола Димитров,<br>г-дин Бујар Османи, г-дин Никола Попоски. |
| 17:00 - 17:30 | Сумирање на денот |
| 17:30 - 19:00 | Заедничка вечера |

## ДЕН 2: 19 НОЕМВРИ 2017

| ВРЕМЕ | Сесија |
|---|---|
| 09:00 - 10:30 | Работа во групи за економски реформи, Соби 701-709 на 7 спрат и Свечена сала |
| 10:30 - 11:00 | Кафе пауза |
| 11:00 - 12:30 | Пленарна сесија 2: Економија<br>Говорници:<br>г-дин Фатмир Бесими, г-ѓа Силвана Мојсовска, г-ѓа Благица Петрески,<br>г-дин Марјан Николов, г-дин Ванчо Узунов, г-ѓа Верица Хаџи Василева Марковска. |
| 12:30 - 13:30 | Затворање на настанот (учесниците пополнуват завршна анкета) |

CIVICA MOBILITAS

# ШТО Е ДЕБАТНА АНКЕТА[12]

Дебатната анкета е уникатна форма на политички консултации која ги комбинира техниките на истражување на јавно мислење и јавна расправа за да претстави како би изгледало јавното мислење на одредена тема доколку граѓаните би имале можност повеќе да се запознаат со темата. Како анкетен метод, дебатната анкета ги зема предвид преференците и мислењата на граѓаните и пред и по можноста да донесат одлуки засновани на информации и мислења од сограѓаните.

## ЗОШТО?

Граѓаните често не се информирани за клучните јавни политички проблеми. Конвенционалните анкети претставуваат површни впечатоци на јавноста за телевизиски изјави и наслови. Јавноста, која е предмет на она што општествената наука го нарекува „рационално незнаење", има малку причини да разменува мислење или да инсвестира време инапори во добивање на информации или промислени ставови. Дебатната анкета е обид да се искористат истражувањата на јавното мислење на нов и конструктивен начин. Особено е погодна за прашања за кои јавноста има многу малку знаење или информации, или за прашања за кои јавноста не успеала да ги воочи предностите и недостатоците на различните јавни политики. Дебатната анкета е експеримент во општествените науки и еден вид на едукација на јавноста во најширока смисла. Процесот има статистичка репрезентативноста на научен примерок, како и специфичноста и непосредноста на фокус група или група за дискусија.

## КАКО?

Генерално гледано, процесот на спроведување на дебатна анкета, вклучувајќи ги и активностите на денот на дебатата, може да се разложи во процес од пет чекори:

1.Случаен, репрезентативен примерок на граѓани е контактиран и замолен да одговори на прашалник кој има за цел да ги процени знаењето и перцепциите на јавноста за одредено прашање.

2.Друг случаен, репрезентативен примерок на граѓани е контактиран и повикан да учествува во „дебатниот настан" во времетраење од еден или два дена.

3.Во деновите пред настанот, избраните учесници добиваат балансирани информативни материјали за темата која ќе се дискутира, одобрени од страна на експерти.

4.На денот на „дебатниот настан", учесниците по случаен избор се распределуваат во мали групи со обучени модератори. За време на групните сесии учесниците се поттикнуваат да развиваат прашања кои ќе бидат поставени на панелот од експерти за време на пленарна сесија која ќе се одржи на крајот од „дебатнот настан".

5.На крајот на настанот сите учесници пополнуваат втор прашалник кој е наменет да ги процени нивните промислени ставови на темата на дискусија. Резутатите од првата и втората анкета се споредуваат, при што било какви промени во јавното мислење се мерат и анализираат од страна на обучени анкетари. Во повеќето случаи резултатите од втората анкета се доставуваат до јавноста преку медиумите, а во одредени случаи тие претставуваат и појдовна точка за понатамошна дебата и дискусија помеѓу политичарите и донесувачите на политики.

12 Дебатната анкета (deliberative polling) како метод е регистриран од страна на Центарот за делиберативна демократија на универзитот Стенфорд: http://cdd.stanford.edu